**ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
ЗА 2025 ГОДИНА

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во деловната 2025 година работеше во насока на остварување на програмските цели и задачи утврдени со Стаутот и Програмата за работа на Сојузот за 2025 година, и во рамките на Финансискиот план.

Со Финансискиот план за 2025 година беше предвидено да се остварат вкупни приходи и вкупни расходи во износ од 10.465.000 денари.Сојузот во текот на годината редовно ја следеше финансиската состојба, односно приливот на средствата во приходната страна како и одливот на средствата во расходната страна. Во октомври 2025 година се донесоа измени и дополнување на Финансискиот план на Сојузот со кој се изврши зголемување,односо намалување на одредени ставки во рамките на вкупните приходи и вкупните расходи, како и бришење на една ставка во приходниот дел, а предвидување на нова ставка во расходниот дел.

Финансиското работење на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во 2025 година се остваруваше во рамките на планираните средства со Финансискиот план.

Сојузот во 2025 година оствари:

1.ВКУПНИ ПРИХОДИ – 10.407.360 денари

2.ВКУПНИ РАСХОДИ - 9.672.952 денари

3. ВИШОК НА ПРИХОДИ- 734.408 денари

**1.Вкупни приходи**

Вкупните приходи во 2025 година се остварени во износ од 10.407.360 денари и истите се остварени за 6,6% повеќе во однос на остварените вкупни приходи во 2024 година, а во споредба со планираните приходи за 2025 година во износ од 10.465.000 денари, остварувањето изнесува 99,4%.

Во 2025 година, Сојузот со остварените вкупни приходи во износ од 10.407.360 денари ги изврши вкупните расходи во износ од 9.672.952 денари и оствари вишок на приходи од 734.408 денари.

Позитивниот финансиски резултат во работењето на Сојузот, укажува на фактот дека рационално се трошени средствата за остварување на целите и задачите, предвидени со Програмата за работа на Сојузот за 2025 година.

Вкупните приходи се остварени од членарина и други приходи:

**1.1.Приходи од членарина**

Приходите од членарина се основен извор на финансирање на Сојузот. Во рамките на вкупните приходи, приходите од членарина се остварени во износ од 9.226.956 денари и истите во структурата на вкупните приходи учествуваат со 88,6%, додека од други приходи се остварени средства во износ од 1.180.404 денари со учеството од 11,4% во вкупните приходи. Приходите од членарина во 2025 година се зголемени во однос на приходите остварени во 2024 година за 1,8%, како резултат на зголемувањето на бројот на корисници на пензија кои членуваат во здруженија на пензионери - членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**1.2. Други приходи**

Од други приходи се остварени средства во износ од 1.180.404 денари и тоа од:

Проекти средства во износ од 430.150, наплата на штета 85.251 денари, реклами 203.940 денари, инвалидски сојузи 24.947 денари, кобрендирана картичка 62.001 денари и приходи од камати 374.115 денари.

Остварените средства од други приходи во 2025 година во износ од 1.180.404 денари споредени со остварените приходи во истиот период од 2024 година во износ од 695.221 денари се зголемени за 69,8%, како резултат на остварени приходи од проекти и повеќе остварени приходи од камати.

Остварените приходи во 2025 година споредени со планираните за 2025 година и со остварените приходи во 2024 година, како и структурата на одделните приходи во вкупните приходи во 2025 година се дава во следниот преглед:

| конто | **назив** | **Остварено 2024** | **План 2025** | **Остварено 2025** | **2025/ 2024** | **план/ 2025** | **Структ.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6=5/3** | **7=5/4** | **8** |
| | **ПРИХОДИ ОД:** | | | | | | |
| **7301** | Членарина | 9.064.266 | 9.412.850 | 9.226.956 | 101,8 | 98,0 | 88,6 |
| **7302** | Донации | 49.400 | | | 0,0 | | |
| **7304** | Проекти | 61.300 | 430.150 | 430.150 | 701,7 | 100,0 | 4,1 |
| **7310** | Наплата на штети | | | 85.251 | | | 0,8 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7151** | Реклами | 213.210 | 240.000 | 203.940 | 95,7 | 85,0 | 2,0 |
| **7152** | Членар од Инвал ЗП за Весникот | 26.625 | 20.000 | 24.947 | 93,7 | 124,7 | 0,2 |
| **7153** | Комбрен картица | 72.521 | 60.000 | 62.001 | 85,5 | 103,3 | 0,6 |
| **7201** | Камати и други приходи | 272.165 | 302.000 | 374.115 | 137,7 | 124,7 | 3,6 |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **9.759.487** | **10.465.000** | **10.407.360** | **106,6** | **99,4** | **99,9** |

Приходи од членарина во 2025 година бележат благ пораст од 1,8% во споредба со приходите остварени во 2024 година што се должи на порастот на корисниците на старосна пензија, кои се членови на здруженијата на пензионери, членки на Сојузот. Во оваа година редовно се вршеше исплата на пензиите и редовно се вршеше дозначување на средства за членарина од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Бројот на корисници на пензија во 2025 година во однос на 2024 година се дава во следниот преглед:

| Вид на пензија | Корисници на пензија 2024 | Корисници на пензија 2025 | Зголемување/ намалување | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 245.744 | 250.278 | 4.354 | 101,8 |
| Инвалидска | 25.445 | 23.998 | -1.447 | 94,3 |
| Семејна | 73.839 | 73.817 | - 22 | 99,9 |
| Вкупно | 345.020 | 348.093 | 3.073 | 100,9 |
| Воени | 729 | 673 | -56 | 92,3 |
| Земјоделски | 37 | 29 | -8 | 78,4 |
| **Вкупно** | **342.745** | **347.352** | **4.606** | **101,3** |

Според податоците во прегледот се гледа дека пораст на бројот на корисници на пензија се забележува само кај корисниците на старосна пензија од 1,8%, а кај другите видови на пензија има намалување на бројот на корисници на пензија.

Намалувањето на бројот на воена и земјоделска пензија е поради тоа што тие пензии се остварени според претходни законски прописи, кои повеќе не се во примена, додека бројот на инвалидски пензии секоја година се намалува, поради заострени услови за остварување на тоа право, потоа преземени повеќе превентивни мерки за заштита при работа, како и намалување на осигурениците вработени во фирми на потешки работни места. Од 48.364 корисници на инвалидска пензија во 2007 година, во 2025 година тој број изнесува 23.998 корисници што е преполовен. Бројот на семејните пензии е константен и од 2007 година се движи од 73.000 до 76.000 корисници

Просечните пензии по видови на пензија изнесуваат:

| Вид на пензија | 31.12. 2024 | 31.12. 2025 | индекс |
|---|---|---|---|
| Старосна пензија | 25.411 | 28.749 | 113,1 |
| Инвалидс. пензија | 21.320 | 24.704 | 115,9 |
| Семејна пензија | 19.200 | 22.528 | 117,3 |
| Земјоделс. пензија | 13.429 | 16.952 | 126,2 |
| Воена пензија | 32.581 | 35.748 | 109,7 |
| **Вкупно** | **23.785** | **27.167** | **114,2** |

Просечната пензија во декември 2025 година во однос на просечната пензија во декември 2024 година, е зголемена за 14,2%, како резултат на усогласувањето на пензиите од 1 март 2025 година линеарно на сите корисници на пензија за 2.500 денари и од 1 септември 2025 година за 1.000 денари исто така линеарно за сите корисници на пензија. Линеарното усогласување на пензиите различно се одрази на висината на пензиите по видови на пензија, така висината на земјоделската пензија се зголеми за 26,2%, додека висината на просечната пензија за 14,2%.

Просечната пензија во декември 2025 година во износ од 27.167 денари споредена со просечната плата во Републиката за месец декември 2025 година во износ од 46.889 денари, учествува со 57,9%.

Приходи од проекти се остварени во износ од 430.150 денари, за проектот во соработката со Универзитетот за социјална политика “Мајка Тереза” за животот на старите лица во Скопје над 65 години.

Приходи од наплата на штети се остварени во износ од 85.251 денари, кои средства се уплатени од Осигурителната компанија “Македонија - Осигурување” по основ на осигурување на објектот од настанатата штета на објектот од поплава.

Приходите од реклами се остварени во износ од 203.940 денари и истите се пониски за 4,3% во споредба со остварените приходи од реклами во 2024 година, додека во споредба со планираните приходи извршувањето изнесува 85%.

Приходите од инвалидските сојузи на пензионери за весникот “Пензионер плус” изнесуваат 24.947 денари и истите се пониски за 6,3% во однос на остварените во 2024 година.

Приходите од кобрендирана картичка се остварени во износ од 62.001 денари и се пониски за 14,5% во споредба со остварените средства во 2024 година, а во споредба со планираните за 2025 година се повисоки за 3,3%.

Приходите од камати се остварени во износ од 374.115 денари и се повисоки за 37,7% во однос на остварените приходи во 2024 година и 24,7% во споредба со планираните приходи како резултат на зголемување на каматните стапки и на орочените средства во банките.

**2.Вкупни расходи** се остварени во износ од 9.672.952 денари и истите во споредба со планираните расходи за 2025 година се извршени со 92,4%%, а во споредба со извршените расходи во 2024 година се повисоки за 6,8%.

**Вкупните расходи** се однесуваат на следните трошоци и тоа:

| Ред бр | Вид на трошок | Остварено 2024 | Планирано 2025 | Остварено 2025 | 2025/2024 | 2025/План | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Функционални трошоци | 4.767.326 | 5.432.430 | 4.942.760 | 103,7 | 91,0 | 51,1 |
| 2 | Интелектуални услуги | 1.710.275 | 1.700.000 | 1.515.805 | 88,6 | 89,2 | 15,7 |
| 3 | Тековни расходи | 2.578.124 | 3.332.570 | 3.214.387 | 124,9 | 96,5 | 33,2 |
| | **Вкупно расходи** | **9.055.725** | **10.465.000** | **9.672.952** | **106,8** | **92,4** | **100,00** |

**2.1.Функционални расходи** се остварени во износ од 4.942.760 денари и истите се остварени со 91,0% во однос на планираните расходи за 2025 година, а во споредба со извршените расходи во 2024 година се повисоки за 3,7%. Во структурата на вкупните расходи функционалните расходи имаат најголемо учество што изнесува 51,1%. Најголем дел од функционалните расходи се однесуваат на расходите за спортски активности со комисијата за спорт во износ од 740.179, културно-забавен

живот со комисијата во износ од 616.039 денари и издавање на весникот "Пензионер плус" во износ од 1.944.665 денари или 3.300.883 денари, односно 66,8% од функционалните расходи.

Трошоците за културно-забавен живот се однесуваат за трошоци за одржување на 7-те регионални ревии во кои трошоци Сојузот учествува со 40.000 денари кај носителите-домаќини на одржување на регионалните ревии како и на организирање на централната Републичка ревија на песни, музика и игри.

Расходите за спорт и спортски активности се однесуваат за трошоци за одржување на 7 -те регионални спортски натпревари во кои трошоци Сојузот учествува со 40.000 денари кај носители – домаќини на спортските натпревари, како и на организирање на Републичките спортски натпревари.

Трошоците за издавањето на весникот "Пензионер плус" се однесуваат за печатење на весникот со написи од работата на органите и телата на Сојузот и здруженијата на пензионери и објавување на текстови во весникот Koxa на албански јазик.

Функционалните расходи по намени во 2025 година, во однос на планираните и остварените во истиот период од 2024 година се даваат во следниот преглед:

| | Функционални расходи | Остварени 2024 год | Планирано 2025 год | Остварено 2025 год | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 4:2 | 4:3 |
| 4181 | Собрание | 279.235 | 400.000 | 403.682 | 144,6 | 100,9 |
| 4182 | Извршен одбор | 344.674 | 350.000 | 294.771 | 85,5 | 84,2 |
| 4183 | Надзорен одбор | 39.614 | 50.000 | 35.904 | 90,6 | 71,8 |
| 4184 | Ком. за меѓунар. Соработ. | | 25.000 | | | |
| 4185 | Правно-економски форум | 61.228 | 60.000 | 54.085 | 88,3 | 90,1 |
| 4186 | Спорт и спортски активн | 653.816 | 700.000 | 597.073 | 91,3 | 85,3 |
| 4187 | Комисија за спорт | 83.239 | 150.000 | 143.106 | 179,1 | 95,4 |
| 4188 | Културно забавен живот | 762.838 | 700.000 | 518.734 | 68,0 | 74,1 |
| 4189 | Комисија за КЗЖ | 132.895 | 120.000 | 97.305 | 73,2 | 81,1 |
| 41810 | Ком.за здрав.и соц полит | 53.528 | 40.000 | 32.176 | 60,1 | 80,4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 41811 | Ком. за информирање | 25.208 | 30.000 | 21.799 | 86,5 | 72,7 |
| 41812 | Статутарна комисија | 34.743 | 30.000 | | | |
| 41813 | Пензионер плус | 1.691.703 | 1.975.000 | 1.944.665 | 115,0 | 98,5 |
| 41814 | Одбор на Регистр организ | 36.805 | 50.000 | 47.098 | 128,0 | 94,2 |
| 41815 | Обработка на податоци | 5.000 | | | | |
| 41815 | Работилница -новинари | 31.076 | | 31.397 | 101,0 | |
| 41818 | Културно творештво | 229.877 | 250.000 | 249.957 | 108,7 | 100,0 |
| 41819 | Ком. за културно твореш. | 11.364 | 15.000 | 13.334 | 117,3 | 88,9 |
| 41820 | Социјална карта | 14.750 | | | | |
| 41822 | Ало пензион. прашања | 56.120 | 50.000 | 48.338 | 86,1 | 96,7 |
| 41823 | Координативно тело | 92.275 | 50.000 | 91.373 | 99,0 | 182,7 |
| 41824 | Ком за пензион. и старски | 43.284 | 40.000 | 43.705 | 101,0 | 109,3 |
| 41828 | Трошоци за функција | 84.054 | 347.430 | 274.258 | 326,0 | 79,1 |
| | **Вкупно** | **4.767.326** | **5.432.430** | **4.942.760** | **103,7** | **91,0** |

**2.2.Интелектуални услуги** се извршени во износ од 1.515.805 денари и во споредба со извршените расходи во 2024 година година се пониски за 11,4%. Намалување на расходите се должи на помали трошоци за избрани лица поради што одредено време не беше извршен избор на одредени функции. Интелектуалните услуги во вкупните расходи учествуваат со 15,7%.

Интелектуалните услуги се однесуваат на следните расходи:

| | | Остварено 2024 | Планирано 2025 год | Остварено 2025 | 2024/2023 | 2024/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Договор на дело | 753.333 | 810.000 | 802.145 | 106,5 | 99,0 |
| 2 | Избрани лица | 709.887 | 609.000 | 472.965 | 66,6 | 77,7 |
| 3 | Нотарски услуги | 600 | 1.000 | | | |
| 3 | Книговодствен | 97.000 | 105.000 | 90.000 | 92,8 | 85,7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | услуги | | | | | |
| 4 | Одржување на програм | 18.829 | 30.000 | 5.555 | 29,5 | 18,5 |
| 6 | Ревизија на сметка | 130.626 | 145.000 | 145.140 | 111,1 | 100,1 |
| | **Вкупно** | **1.710.275** | **1.700.000** | **1.515.805** | **88,6** | **89,2** |

**Тековни расходи** се остварени во износ од 3.216.071 денари или 96,5% во однос на планираните расходи, а во споредба со остварените расходи во 2024 година во износ од 2.578.124 денари се повисоки за 24,9%. Учеството на тековните расходи во вкупните расходи изнесува 33,2%.

Поединечното извршување на тековните расходи споредени со остварените расходи во 2024 година и планираните со финансискиот план на Сојузот се дава во следниот преглед:

| | Опис | Остварено 2024 | Планирано 2025 год | Остварено 2025 | 2025/ 2024 | 2025/ план |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **400** | **Материјали** | **220.352** | **240.000** | **269.781** | **122,4** | **112,4** |
| | 4001 гориво | 110.641 | 90.000 | 98.113 | 88,7 | 109,0 |
| | 4002 канцел материја | 67.750 | 70.000 | 90.063 | 132,9 | 128,7 |
| | 4003 сред за хигиена | 28.871 | 30.000 | 32.412 | 112,3 | 108,0 |
| | 4004 ситен. инвентар | 5.000 | 35.000 | 32.734 | 654,7 | 93,5 |
| | 4005 др материјали | 8.090 | 15.000 | 16.459 | 203,4 | **109,7** |
| **401** | **Електртр енергија** | **241.584** | **270.000** | **272.085** | **112,6** | **100,8** |
| | 4011 ел енергија | 241.584 | 270.000 | 272.085 | 112,6 | 100,8 |
| **402** | **Инвестиционо одржув** | | **150.000** | **204.765** | | **136,5** |
| | 4021 инвест одржув | | 150.000 | 204.765 | | 136,5 |
| **403** | **Други услуги** | **565.790** | **500.000** | **472.743** | **83,6** | **94,5** |
| | 4031 поштен услуги | 54.647 | 75.000 | 75.094 | 137,4 | 100,1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4032 одржув.раб прост | 119.999 | 110.000 | 116.769 | 97,3 | 106,2 |
| | 4033 услуги од граѓан | 1.111 | | 6.667 | 600,1 | |
| | 4034 печат.услуги | 11.639 | 20.000 | | | |
| | 4035 други услуги | 92.087 | 50.000 | 37.991 | 41,3 | 76,0 |
| | 4036 телефон. услуги | 182.748 | 180.000 | 186.443 | 102,0 | 103,6 |
| | 4037 комун алии | 26.116 | 25.000 | 24.364 | 93,3 | 97,5 |
| | 4038 одр.мотор возило | 53.638 | 30.000 | 19.998 | 37,3 | 66,7, |
| | 4039 одр канц опрема | 23.805 | 10.000 | 5.417 | 22,8 | 54,2 |
| **404** | **Превозни и транспортни услуги** | **11.857** | **40.000** | **29.324** | **247,3** | **73,3** |
| | 4041 услуги во патен со | 444 | 30.000 | 21.770 | 4903,2 | 72,6 |
| | 4042 други- услуги такс | 11.413 | 10.000 | 7.554 | 66,2 | 75,5 |
| **405** | **Репрезентација** | **497.873** | **500.000** | **527.742** | **106,0** | **105,5** |
| | 4051 репрезентација | 497.873 | 500.000 | 527.742 | 106,0 | 105,5 |
| **408** | **Наемнина** | **15.205** | **15.000** | **9.460** | **62,2** | **63,1** |
| | 4081 -паркин простор | 15.205 | 15.000 | 9.460 | 62,2 | 63,1 |
| **409** | **Други матер. трош** | **79.895** | **190.000** | **138.457** | **173,3** | **72,9** |
| | 4092 дневен печат час | 59.036 | 80.000 | 57.987 | 92,2 | 72,5 |
| | 4093 регистр. моторно возило | 14.081 | 9.000 | 8.718 | 61,9 | 96,9 |
| | 4096 др. матер.трошоci | 6.778 | 100.000 | 71.147 | 1.057,1 | 71,7 |
| **410** | **Провизија** | **142.983** | **170.000** | **140.167** | **98,0** | **82,5** |
| | 4101 редовна сметка | 128.498 | 140.000 | 118.204 | 92,0 | 84,4 |
| | 4102 с/ка сојузи | 8.740 | 19.000 | 15.543 | 175,5 | 80,8 |
| | 4103 с/ка Тутунска | 240 | 1.000 | 1.260 | 525,0 | 126,0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4104/ с/ка Шпаркасе | 5.505 | 10.000 | 5.360 | 97,4 | 53,6 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **32.748** | **45.000** | **38.353** | **117,1** | **85,2** |
| | 4120 -патничко возило | 12.520 | 20.000 | 18.503 | 147,8 | 92,5 |
| | 4121 патничко осигур | | 1.000 | 788 | | 78,8 |
| | 4123 долгорочни средства | 14.692 | 17.000 | 13.526 | 92,0 | 79,6 |
| | 4124 - зелен картон | 5.536 | 7.000 | 5.536 | 100,0 | 79,1 |
| **413** | **Дневни и патни трошоци** | **252.609** | **340.000** | **259.777** | **102,8** | **76,4** |
| | 4131 -патување во земја | 219.002 | 210.000 | 165.275 | 75,5 | 78,7 |
| | 4132 -патни расход | | 20.000 | 11.143 | | 55,7 |
| | 4134 - патарина | 9.990 | 10.000 | 8.300 | 83,1 | 83,0 |
| | 4136 -патув. во стран | 23.617 | 100.000 | 75.059 | 317,8 | 75,1 |
| **414** | **Превоз на работн и граѓани** | **26.656** | **30.000** | **25.908** | **97,2** | **86,4** |
| | 4140 -Превоз на рабтници | **56.656** | 30.000 | 25.908 | 97,2 | 86,4 |
| **420** | **Меѓунар соработка** | **62.782** | **100.000** | **106.304** | **169,3** | **96,6** |
| | 4201 Меѓун соработка | **40.000** | 55.000 | 43.333 | 108,3 | 78,8 |
| | 4202 Расходи за престој | **22.782** | 55.000 | 62.971 | 276,4 | 114,5 |
| **430** | **Пренесени средства** | **255.000** | **250,000** | **240.000** | **94,1** | **96,0** |
| | 4300- пренсесени сред | 255.000 | 250.000 | 240.000 | 94,1 | 96,0 |
| **441** | **Средств за опрема** | **67.000** | **51.104** | **49.154** | **73,4** | **96,2** |
| | 4413 апарат,уреди | 67.000 | 50.000 | 51.104 | 76,2 | 102,2 |
| **451** | **Донации и помошти** | **79.215** | **430.367** | **430.367** | **543,2** | **100,0** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4512- награди за проект | 79.215 | 50.000 | 430.367 | 543,9 | 100,0 |
| **480** | **Вонред трошоци** | 26.575 | **40.000** | **0** | **3,4** | **2,4** |
| | 4801- вонред трошоци | 26.575 | 1.099 | 0 | 3,6 | 2,4 |
| | Вкупно-тековни трош | 2.578.124 | 3.332.570 | 3.216.071 | 124,9 | 96,5 |
| | **Вкупни расходи** | **9.055.725** | **10.465.000** | **9.672.952** | **106,2** | **92,4** |

Во рамките на тековните расходи, поголемо учество имаат расходите за материјали, дневни и патни трошоци, репрезентација, пренесени средства на здруженија и други услуги. Меѓутоа нивното извршување е во рамките на планираните средства со финансискиот план на Сојузот.

Пренесените средства до здруженија на пензионери во износ од 240.000 денари се доделени на 6 мали здруженија за адаптација на работни простории и клубови на пензионери.

3.Финансиски резултат

Во 2025 година Сојузот  оствари вкупни приходи во износ од 10.407.360 денари и вкупни расходи во износ од 9.672.952 денари и вишок на приходи над расходи во износ од 703.408 денари и во целост ги исполни сите планирани задачи за 2025 година

Од напред изнесените податоци може да се заклучи дека финансиското работење на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија во 2025 година  се остваруваше во рамките на планираните средства предвидени со Финансискиот план на Сојузот за 2025 година. Во приходниот дел се забележува благ пораст на приходите од членарина и поголем пораст на другите приходи, додека во расходниот дел расходите се пониски во споредба со планираните.

Скопје, март 2026 година

**Б.  Финансиска состојба на Актива  и Пасива- (Билансна Состојба)**

1)

| Ред.број | Позиција | Тековна година 2025 | Претходна година 2024 |
|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | |
| 1, | **Материјални средства** | | |
| | -Бруто | 32.585.688 | 31.029.147 |
| | -Исправка на вредноста | 5.420.624 | -4.554.756 |
| | **-Нето** | **27.169.064** | **26.474.391** |
| 2. | **Парични средсва** | | |
| | -Бруто | 190.064 | 2.463.567 |
| | **-Нето** | **190.064** | **2.463.567** |
| 3. | **Купувачи** | | |
| | -Бруто | 55.620 | 18.540 |
| | **-Нето** | **55.620** | **18.540** |
| 4. | **Краткорочни финансиски Побарувања** | | |
| | --Бруто | 13.882.768 | 10.838.474 |
| | **-Нето** | **13.882.768** | **10.838.474** |
| 5. | **Други крат. Побарув.** | | |
| | -Бруто | 776.138 | 764.590 |
| | **-Нето** | **776.138** | **764.590** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | **Активни врем.разгр.**<br>-Бруто<br>**-Нето** | 8.596<br>**8.596** | 12.704<br>**12.704** |
| 7. | **Ситен инвентар**<br>-Бруто<br>-исправка на вредноста<br>**Нето** | 170.725<br>-170.725<br>**0** | 164.949<br>-164.949<br>**0** |
| | **Вкупна АКТИВА**<br>**-** | **42.082.250** | **40.572.266** |
| | **ПАСИВА** | | |
| 1. | **Деловен фонд** | **27.169.064** | **26.474.391** |
| 2, | **Краткорочни обврски** | **274.490** | **59.057** |
| 3. | **Пасивни временски разграничувања** | **21.520** | **156.050** |
| 4 | **Нераспоредени средства** | **734.408** | **703.749** |
| 5. | **Извори на средствата за други намени** | **13.882.968** | **13.179.019** |
| 6. | **Вкупна ПАСИВА** | **42.082.250** | **40.572.266** |

Горе наведените податоци за финансиската состојба на Активата и Пасивата бележи раст од 3,72%, а тоа се должи на извршената амортизација, ревалоризација на материјалните средства и на остварената добивка во 2025 година.

Скопје, Март 2026 година